Тодор Поп-Панев, судија на Апелационен суд Штип

Тема

# УЧЕСТВО НА ТРЕТИ ЛИЦА ВО ПАРНИЦАТА

## Учество на замешувач

## Именување на претходник

## Известување на трето лице за парницата

# Учество на замешувач

- Лице кое има правен интерес во парница што тече меѓу други лица една од странките да успее, може да и се придружи на таа странка.
- Замешувачот може да стапи во парницата во текот на целата постапка сé до правосилноста на одлуката за тужбеното барање, како и во роковите предвидени за поднесување на вонреден правен лек.
- Изјавата за стапување во парница замешувачот може да ја даде на рочиштето или со писмен поднесок

# Учество на замешувач

- Секоја странка може на замешувачот да му го оспори правото да учествува во постапката и да предложи да се одбие замешувачот, а судот може и без изјаснување на странките да го одбие учеството на замешувачот ако утврди дека не постои правен интерес на замешувачот.
- До правосилноста на решението со кое се одбива учеството на замешувачот, замешувачот може да учествува во постапката и неговите парнични дејствија не можат да се исклучат.
- Против одлуката на судот со која се прифаќа учеството на замешувачот не е дозволена посебна жалба.

# Учество на замешувач

- Замешувачот мора да ја прими парницата во онаа состојба во која се наоѓа во моментот кога ќе се замеша во парницата. Во натамошниот тек на парницата, тој е овластен да истакнува предлози и да ги презема сите други парнични дејствија во рокови во кои тие дејствија би можела да ги презема странката на која и се придружил
- Кога замешувачот стапил во парницата до правосилноста на одлуката за тужбено барање, овластен е да поднесе и вонреден правен лек
- Ако замешувачот поднесе правен лек, примерок од неговиот поднесок ќе се достави и до странката на која и се придружил.

# Учество на замешувач

- Парничните дејствија на замешувачот за странката на која и се придружил имаат правно дејство, ако не се во спротивност со нејзините дејствија.
- По согласност на двете парнични странки замешувачот може да стапи во парницата како странка наместо странката на која и се придружил
- Ако правното дејство на пресудата треба да се однесува и на замешувачот, тој има положба на единствен сопарничар (член 191).
- Замешувачот со положба на единствен сопарничар може да поднесе вонреден правен лек и во парницата во која до настапувањето на правосилноста на одлуката за тужбеното барање не учествувал како замешувач

# Именување на претходник

- Лицето кое е тужено како држател на некој предмет или корисник на некое право, а тврди дека предметот го држи или правото го врши од име на трето лице може, најдоцна на подготвителното рочиште, а ако ова не е одржано тогаш на главната расправа пред да се впушти во расправање за главната работа, да го повика преку судот тоа трето лице (претходник), наместо него да стапи како странка во парницата.
- Согласност на тужителот наместо тужениот во парницата да стапи претходникот е потребна само ако тужителот против тужениот истакнува и такви барања кои не зависат од тоа дали тужениот од името на претходникот го држи предметот или го врши правото
- Ако претходникот кој уредно е повикан, не дојде на рочиштето или одбие да стапи во парницата, тужениот не може да се противи да се впушти во парницата.

# Известување на трето лице за парницата

- Ако тужителот или тужениот треба некое трето лице да го извести за започнатата парница, за да се заснова со тоа извесно граѓанско-правно дејство, тие можат, сé додека парницата не се доврши правосилно, тоа да го сторат со поднесок преку парничниот суд во кој ќе ја наведат причината за известувањето и во каква состојба се наоѓа парницата.
- Странката која го известила третото лице за парницата не може поради тоа да бара прекин на започнатата парница, продолжување на роковите или одлагање на рочиштето

# Замешувач sui generis

- Согласно Законот за семејството
- Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација

# СУДСКА ПРАКСА